**20161563544**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16) и член 63 точка 7 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 15.8.2016 година донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОДДЕЛНИ ЗАБОЛУВАЊА НА ГРАЃАНИТЕ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016 ГОДИНА**

1. Во Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2016 година („Службен весник на Република Македониија“ бр. 2/16), по точката 9. ПРЕГЛЕДИ ВО СЛУЖБИ ЗА СПОРТСКА МЕДИЦИНА, се додава нова точка 9-а, која гласи:

„9-а. НА СИТЕ ЛИЦА СО АДРЕСА НА ЖИВЕЕЊЕ ВО СМИЛКОВЦИ, СТРАЧИНЦИ, ЦРЕШЕВО, ВИНИЧЕ, СТАЈКОВЦИ, ЧЕНТО, ИНЏИКОВО, АРАЧИНОВО, БРЊАРЦИ И БУЛАЧАНИ, ПОГОДЕНИ СО ПОПЛАВИТЕ ОД 6.8.2016 ГОД. КОИ ГО ЗАФАТИЈА СКОПСКИОТ РЕГИОН

Во оваа програма се планира ослободување од партиципација за сите здравствени услуги што ќе ги користат лицата со адреса на живеење во Смилковци, Страчинци, Црешево, Виниче, Стајковци, Ченто, Инџиково, Арачиново, Брњарци и Булачани, погодени со поплавите од 6.8.2016 година кои го зафатија скопскиот регион, на сите нивоа на здравствена заштита (примарна, секундарна и терциерна), заклучно со 31.12 2016 година.“

Во точката 10. ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА, во потточка 5, во табелата во првиот и вториот ред во третата колона, износот „23.000.000,00“ се заменува со износот „12.679.325,00“.

По потточката 9. по табелата се додава нова потточка 9-а., која гласи:

„9-а. За реализација на мерката од точката 9-а од оваа програма, која се однесува на сите лица кои се со адреса на живеење во Смилковци, Страчинци, Црешево, Виниче, Стајковци, Ченто, Инџиково, Арачиново, Брњарци и Булачани, погодени од поплавите од 06.08.2016 год. кои го зафатија скопскиот регион, потребни се средства за партиципацијата што здравствените установи би требало да ја наплатат од овие лица за користење на сите здравствени услуги, на сите нивоа на здравствена заштита (примарна, секундарна и терциерна) заклучно со 31.12.2016 година.“

По потточката 9-а. во ставот 1 по бројот 8 се става запирка, зборовите „и 9“ се заменуваат со зборовите „9 и 9-а“, износот „82.000.000,00“ се заменува со износот „71.679.325,00“, а износот „58.000.000,00 “ се заменува со износот „47.679.325,00 “

Во ставот 2 износот „82.000.000,00“ се заменува со износот „71.679.325,00“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6503/1
15 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Никола Тодоров,** с.р.